УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# МЕЃУНАРОДЕН ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕНА МУЗИКА

# 2025

ТАТЈАНА ЏОРЛЕВА - ПИЈАНО
АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ - ПИЈАНО





**28. 05. 2025 / 19.00 / УГ„БЕЗИСТЕН“**

Киево

УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

# ПРОГРАМА

1. CAMILLE SAINT - SAENS - DANSE MACABRE, OP.40

2. ERIC SATIE - TROIS MORCEAUX EN FORME DE POIRE
- IN ORDER TO BEGIN
- PROLONGATION ON THE SAME (I, II, III)
- ONCE AGAIN
- A GRATUITOUS REPETITION

Cancel

3. TOMAŚ LEON - VALS „LAURA" (ARR. DUO PETROF)

4. EDVARD GRIEG - „PEER GYNT" SUITE, OP. 46 NO1
- MORNING MOOD
- THE DEATH OF ASE
- ANITRA'S DANCE
- IN THE HALL OF THE MOUNTAIN KING

5. SHAUN CHOO - "FIESTRAVAGANZA"

**ТАТЈАНА ЏОРЛЕВА - ПИЈАНО**
**АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ - ПИЈАНО**

**АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ** Е РОДЕН **1982** ГОДИНА ВО ОХРИД, КАДЕ ГО ЗАВРШУВА ОСНОВНОТО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ. СРЕДНОТО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ГО ПРОДОЛЖУВА ВО ШТИП ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. ЈАСМИНКА БИКОВА. СТУДИИТЕ ГИ ПРОДОЛЖУВА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. СТЕЛА СЛЕЈАНСКА, ПЕРИОД ВО КОЈ СЕ СТЕКНУВА СО ОГРОМНО ПИЈАНИСТИЧКО ИСКУСТВО, ЗЕМАЈЌИ УЧЕСТВО НА ПОВЕЌЕ ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ КАДЕ ОСВОЈУВА ВРЕДНИ НАГРАДИ. ВЕДНАШ ПО ДИПЛОМИРАЊЕТО СЕ ВРАБОТУВА ВО СРЕДНОТО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ „СЕРГЕЈ МИХАЈЛОВ“ ВО ШТИП КАКО ПРОФЕСОР ПО ПИЈАНО И КОРЕПЕТИЦИЈА. ВО ТОЈ ПЕРИОД, ПОД МЕНТОРСТВО НА ПРОФ. СЛЕЈАНСКА ГИ ЗАПИШУВА МАГИСТЕРСКИТЕ СТУДИИ КОИ УСПЕШНО ГИ ЗАВРШУВА ВО **2010** ГОДИНА. ЗА ВРЕМЕ НА СТУДИИТЕ БЕЛЕЖИ БРОЈНИ СОЛИСТИЧКИ, КАМЕРНИ КОНЦЕРТИ ВО МАКЕДОНИЈА, НО И ВО ДРУГИ ДРЖАВИ КАКО СРБИЈА, БУГАРИЈА, ЧЕШКА, ФРАНЦИЈА, САД ИТН. ОД **2010** ГОДИНА Е ЧЛЕН НА МУЗИЧКИОТ СОСТАВ „ПОРТАЛ“ СО КОЈ УСПЕШНО РЕАЛИЗИРААТ ПОВЕЌЕ ПРОЕКТИ И КОНЦЕРТИ.

ОД **2007** ГОДИНА АНГЕЛЕ МИХАЈЛОВСКИ Е ВРАБОТЕН НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП, КАДЕ РАБОТИ КАКО ПРОФЕСОР ПО ПИЈАНО. ВО **2015** ГОДИНА ГИ ЗАПИШУВА ДОКТОРСКИТЕ СТУДИИ ПО ПИЈАНО ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. Д-Р АНА ГАЦЕВА, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ. ЗА ВРЕМЕ НА ПОДГОТОВКАТА НА ИЗВЕДУВАЧКИОТ ДЕЛ, РЕАЛИЗИРА ПОВЕЌЕ КОНЦЕРТИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО. ВО **2019** ГОДИНА ЈА ОДБРАНИЛ ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПИЈАНИЗМОТ ВО ТРИ ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД КОМПОЗИТОРИ НА **20** ВЕК“ ПОД МЕНТОРСТВО НА ПРОФ. Д-Р ВИКТОРИЈА КОЛАРОВСКА – ГМИРЈА. ОД СЕПТЕМВРИ **2017** ГОДИНА Е ОРГАНИЗАЦИСКИ РАКОВОДИТЕЛ НА ДУВАЧКИОТ ОРКЕСТАР ПРОАРТ ОД ШТИП, СО КОЈ РЕАЛИЗИРААТ БРОЈНИ КОНЦЕРТНИ АКТИВНОСТИ НА ВАЖНИ НАСТАНИ И ФЕСТИВАЛИ.

ВО ПЕРИОДОТ ОД **2016** ДО **2022** ГОДИНА ЈА ИЗВРШУВА ФУНКЦИЈАТА ПРОДЕКАН ЗА НАСТАВА, А ВО **2020** ГОДИНА Е ИЗБРАН ЗА РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПИЈАНО НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**.**

Stip international festival of
Contemporary Music

Est . 2023

ТАТЈАНА ЏОРЛЕВА Е ПИЈАНИСТКА ОД МАКЕДОНИЈА. ДИПЛОМИРА ПИЈАНО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ, ВО КЛАСАТА НА ПРОФ. СТЕЛА СЛЕЈАНСКА – СТОЈАНОСКА. МАГИСТЕРСКИТЕ СТУДИИ ПО ПИЈАНО ГИ ЗАВРШУВА СО НАЈВИСОК ПРОСЕК НА ИСТИОТ ФАКУЛТЕТОТ. ТАТЈАНА ЏОРЛЕВА ГО ПРОДОЛЖУВА СВОЕТО УСОВРШУВАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ КАДЕ ШТО ЈА ЗАВРШУВА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПО ПИЈАНО ИНТЕРПРЕТАЦИЈА, ИСТО ТАКА ПОД МЕНТОРСТВО НА ПРОФ. СТЕЛА СЛЕЈАНСКА – СТОЈАНОСКА, **А** НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА ДОКТОРАТОТ ЈА РАБОТИ КАЈ ПРОФ. ДИМИТРИЈЕ БУЖАРОВСКИ. ВО ТЕКОТ НА СВОЕТО ОБРАЗОВАНИЕ РАБОТИ СО ВРВНИ ПЕДАГОЗИ ОД КОИ СЕ ИЗДВОЈУВААТ ПРОФ. АКИЛЕС ДЕЛ ВИЊ (САЛЗБУРГ), **М**АРЧЕЛА КРУДЕЛИ (ИТАЛИЈА), РИТА КИНКА (СРБИЈА), **ANDREJ DIEV** (РУСИЈА), НАТАША ВЕЉКОВИЌ ИТН.

ТАТЈАНА ЏОРЛЕВА КАКО СОЛИСТ РЕАЛИЗИРА БРОЈНИ КОНЦЕРТНИ НАСТАПИ ВО СВОЈАТА ЗЕМЈА И НА ЕВРОПСКАТА СЦЕНА. КАКО СОЛИСТ ОДРЖУВА КОНЦЕРТИ ВО: ФРАНЦИЈА, ИТАЛИЈА, АВСТРИЈА, ГЕРМАНИЈА, АНГЛИЈА, БУГАРИЈА, СРБИЈА, ХРВАТСКА И КОНЦЕРТИ НИЗ ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ ВО МАКЕДОНИЈА. НАСТАПУВАЛА ВО РАМКИТЕ НА ФЕСТИВАЛИТЕ “ШТИПСКО ЛЕТО”, “СКОПСКО ЛЕТО”, “ОХРИДСКО ЛЕТО”, “МУЗИКА ВИВА”, “БАЛКАНСКИ КЛАСИЧЕН МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ”, ФЕСТИВАЛ ЗА СОВРЕМЕНА МУЗИКА “МОДОАРС”, “ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА”, “ШОПЕНОВА ВЕЧЕР”. КАКО СОЛИСТ УЧЕСТВУВА И НА БРОЈНИ КОНЦЕРТНИ НАСТАНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФРАНЦУСКИОТ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР, БРИТАНСКИОТ СОВЕТ, КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВНИОТ ЦЕНТАР ИТН. ОСТВАРУВА ГОЛЕМ БРОЈ СОРАБОТКИ СО МАКЕДОНСКИ КОМПОЗИТОРИ (БУЖАРОВСКИ, КОЛАРОВСКИ, ЗОГРАВСКИ, ГАЈДОВ, ТЕМКОВ), ПРОМОВИРАЈЌИ ЈА СОВРЕМЕНАТА МУЗИКА ВО МАКЕДОНИЈА И НАДВОР ОД НЕА.

ЏОРЛЕВА Е АКТИВЕН ЧЛЕН ВО КЛАВИРСКОТО ДУО ГАЦЕВА–ЏОРЛЕВА. НАСТАПУВААТ НА СКОПСКО ЛЕТО, ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО И ДРУГИ ГРАДОВИ НИЗ МАКЕДОНИЈА, “ОХРИДСКО ЛЕТО”, “ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ СВЕЧЕНОСТИ”. ЏОРЛЕВА Е ДЕЛ И ОД КЛАВИРСКОТО ДУО ЏОРЛЕВА–ПОТЕВСКА. ПОКРАЈ БРОЈНИТЕ НАСТАПИ СЕ ИЗДВОЈУВА ОСВОЕНАТА ПРВА НАГРАДА И ЗЛАТЕН МЕДАЛ НА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ ”КУЛТУРА И МУЗИКА” БАРЛЕТА-ИТАЛИЈА, А ПОДОЦНА ПРАВАТ БАЛКАНСКАТА ТУРНЕА ЗА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА СОВРЕМЕНА МУЗИКА И МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА, СО ВИСОКО ОЦЕНЕТИТЕ ЦЕЛОВЕЧЕРНИ КОНЦЕРТИ ВО СОФИЈА (БУГАРИЈА), НОВИ САД, БЕЛГРАД, ШАБАЦ (СРБИЈА), СКОПЈЕ, ШТИП, ОХРИД И БИТОЛА – “БИТ ФЕСТ” (МАКЕДОНИЈА). ВО **2013** ГОДИНА ГО ИЗДАВААТ И СВОЕТО ЗАЕДНИЧКО ЦД ЗА ПИЈАНО **4** РАЦЕ. ОД **2015** ГОДИНА ФОРМИРААТ ДУО И СО МАРИЈА ИЛИЕВА- ВИОЛИНА, СО КОЈА АКТИВНО НАСТАПУВААТ ВО МАКЕДОНИЈА.

ДЕНЕС РАБОТИ КАКО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПИЈАНО, КАМЕРНА МУЗИКА И МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ПИЈАНО НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ВО ШТИП. ИМА ИЗГОТВЕНО ПОВЕЌЕ РЕЦЕНЗИРАНИ СКРИПТИ ПО МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО ПИЈАНО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ, А ВО ТЕК Е ИЗДАНИЕТО НА НЕЈЗИНАТА КНИГА “ПИЈАНИЗМОТ ВО ДЕЛОТО ДВАЕСЕТ ПОГЛЕДИ КОН ДЕТЕТО ИСУС” ОД ОЛИВИЕ МЕСИАН.